РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 02-135/4
21-07-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница одржана на ден 04.07.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-3118/1 од 10.12.2024 година, со наводи за сомневање за прекршување на одредбите на Законот за јавните набавки од страна на службени лица во ЈЗУ ----------------------------------------------------------------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

Наводите изнесени во пријавата со број 12-3118/1 од 10.12.2024 година, **СЕ ПОТВРДУВААТ**.

ДКСК ќе постапи во рамките на своите законски надлежности и согласно Законот за спречување на корупцијата со донесувањето на оваа одлука од нејзина надлежност ќе иницира постапка пред надлежен орган.
ДКСК ќе го извести и Министерството за здравство како основач на јавната здравствена установа, заради преземање мерки во делот на интерен надзор и превенција на вакви практики во иднина.

Предметот со број 12-3118/1 од 10.12.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На 10.12.2024 година оформен е предмет со број 12-3118/1 од 10.12.2024 година по поднесена пријава од познат подносител со наводи за сомневање за незаконско постапување на службени лица, поранешни членови на Комисијата за јавни набавки во ЈЗУ ------------------------------------------------------- во постапката за јавна набавка на стоки - течни горива и плин за возила, количина 12.000 литри за потребите на болницата, во 2023 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата се наведува дека новоименуваниот ВД директор на болницата и новоформираната Комисија за јавни набавки, при извршена контрола утврдиле низа незаконитости во постапувањето на службени лица, членови на поранешната Комисија за јавни набавки во спомената болница, поврзани со Договорот за јавна набавка на течни горива и плин за возила, склучен помеѓу ЈЗУ ------------------------------------------------------ со архивски бр.-------/-- од 19.09.2023 година и ДТПУ ------------------ увоз-извоз с.--------------- (со арх.бр.------------ од 28.09.2023 година). Во пријавата се наведува дека количината и цената на испорачаната и исплатената стока не соодветствува со количината и цената утврдени со споменатиот Договор.

Со цел проверка на наводите во пријавата, ДКСК достави Барање за доставување на потребна документација до ЈЗУ --------------------------------------------------------------, од каде беа доставени информација со документација (договор, фактури, испратници и финансиски картици за исплата).

По разгледување на истите, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:
По спроведена постапка за јавна набавка, на ден 19.09.2023 година склучен е Договор за јавна набавка помеѓу ЈЗУ -------------------------------------------------------------, претставувано од Директорот д-р ----------------- и правното лице ДТПУ ---------------- увоз-извоз с.----------------, претставуван од Управител ---------------------, за набавка на стоки- Екстра лесно масло за домаќинство (ЕЛ-1), количина 12.000 литри, по цена од 59,32 ден без ДДВ или вкупна вредност на договорот - 840.000,00 денари со ДДВ.
Важност на договорот е една година од денот на неговото склучување (19.09.2023 година).
Во договорот е уредено дека носителот на набавката е должен да ја изврши испораката во рок од 1-3 дена од добиената писмена нарачка од договорниот орган и носителот на набавката е согласен договорниот орган стоките да ги прима сукцесивно според неговите потреби. Испораката се смета за реализирана со извршен прием на стоката од страна на овластено лице на договорниот орган. Плаќањето на фактурите ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган.

Согласно доставените испратници, фактури и финансиските картици за исплата на средства на ЈЗУ -----------------------------------------------------------------, ДКСК утврди дека договорниот орган на ДТПУ ----------------------- увоз-извоз с.--------------- му исплатил вкупно 1.222.253,00 денари за испорачани вкупно 15797 литри гориво за времетраење на склучениот договор.

Согласно договорот, договорниот орган стоките ги повлекол сукцесивно по неговите потреби.

Носителот на јавната набавка, испораката на вкупната количина на стоката ја извршил преку три нарачки на договорниот орган и тоа:
-5797 литри гориво со цена од 478.253,00 денари, (ф-ра датум 02.11.2023 г),
-3000 литри гориво со цена од 219.000,00 денари, (ф-ра датум 22.12.2023 г),
-7000 литри гориво со цена од 525.000,00 денари ( ф-ра датум 22.04.2024 г)
или вкупно 15.797 литри наместо 12.000 литри како што е наведено во тендерската документација, одлуката за јавна набавка и договорот (во периодот од ноември 2023 до април 2024 година, кога е во важност склучениот договор).
Со ова се потврдува дека количините и цените не се согласуваат со цената и количината на стоката утврдена со склучениот договор.

Согласно член 117 од Законот за јавните набавки
*(1) Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.*
*(2) Договорниот орган е должен да врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба е во согласност со условите од договорот.*

ДКСК утврди дека во споменатата постапка за јавна набавка, договорниот орган презел обврски и извршил плаќања во износ од 1.222.253,00 денари за испорачани 15.797 литри гориво, што значително ја надминува договорената количина и вредност, без спроведување нова постапка за јавна набавка или склучување анекс на договорот.

Договорниот орган, и покрај тоа што договорот за јавна набавка бил склучен со точно определена количина и износ, презел обврски за зголемени количини и исплатил средства значително над договорениот износ. За овие постапки не била спроведена нова јавна набавка, ниту бил склучен анекс на договорот, со што се прекршени основни принципи на Законот за јавни набавки, меѓу кои: економичност, транспарентност, еднаков третман и отчетност.

Станува збор за следниот случај:

- Договорен орган склучил договор за јавна набавка на гориво со утврдена количина од 12000 литри, за цена од 840.000,00 денари со ДДВ;
- Во текот на важноста на договорот, институцијата набавила гориво над максимално договорената количина, без да склучи анекс на договорот или да спроведе нова постапка согласно Законот за јавни набавки;
- За дополнителната количина се извршени нарачки и плаќања;

Со ваквото постапување е сторена потенцијална повреда на законот, со што се заобиколени законските процедури и создаден ризик за нанесување штета на буџетот. Ова постапување претставува ризик за:

- заобиколување на законските процедури за набавка,
- нерамноправен третман на економските оператори,
- создавање можности за фаворизирање и нетранспарентност.

ДКСК оцени дека постапувањето не е во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки, се запира постапката по овој предмет и согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ќе иницира постапка пред надлежен орган - Јавното обвинителство на РСМ за понатамошно постапување.

Исто така, ДКСК ќе го извести Министерството за здравство како основач на јавната здравствена установа, заради преземање мерки во делот на внатрешниот надзор, како и превенција на вакви практики во иднина во останатите јавни здравствени установи.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК